40529

ВЕЧЕР ☆ 27 јануари 1994 година 9472, 9



**ЈАВНОСТА И ГАЛЕРИСКИТЕ ПРОГРАМИ**

# ПРОЅИРНОСТА НА ТАЈНИТЕ ПЛАНОВИ

**● И ГОДИНАВА, НА ПРАВЕЊЕТО ПРОГРАМИ ЗА ТОА ШТО ЌЕ ГЛЕДАМЕ ВО ГАЛЕРИИТЕ НЕ ИМ ПРЕТХОДЕШЕ ФОРМА ШТО ЌЕ ОБЕЗБЕДИ УВИД НА ЈАВНОСТА, А ПРЕД СÈ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ АВТОРИ**



ЈАВНОСТА ВО ПРОГРАМИРАЊЕТО САМО БИ ГИ НАМАЛИЛА НЕФОРМАЛНИТЕ ПРИГОВОРИ: УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ

**Елитните изложбени институции за дела од современата уметност изготвија програми за тоа што треба да се види, да се оствари, во нивните простори до крајот на годинава. По старата-и, веројатно сметаат добра практика, во процесот на „програмирање“ не беше видлива една друга институција – јавност.**

Моделот на работа, што во кратки црти ни го скицираше директорот на Уметничката галерија „Скопје“ (Даут Пашин Амам) **Драган Бошнаковски**, важи, главно и за Музејот на современата уметност, за Музејот на град Скопје (иако неговата позиција е специфична), како и за другите галерии. Програмите, имено, ја „донесуваат“ уметничките совети, или сличните тела, врз основа на увидот што можат да го направат кај авторите (изложби, рецензии, посета на ателјеа...), претенденти за изложба, за проект. Програмите се доставени до Министерството за култура кое, врз таа основа, (треба да) им доставува пари и „програмската шема“, со тоа, завршува.

**Ваквиот начин на работа, што е веќе традиционален, без разлика колку е добар (или токму заради тоа) не треба да си допушта приговори од типот „фаќање врски“, „ловење во матно“... А таквите забелешки следат токму поради отсуството на јавност. Тоа може да биде конкурс или, пак, друга форма што е постојано на увид, а од која ќе може да се прочита генералниот концепт на изложбената институција, како и пропозициите (условите) што претендентот – уметник мора да ги почитува. Отвореноста од овој тип воопшто не би ја „загрозило“ уметничката и друга ориентација на институција; напротив, само би ги намалила неформалните приговори, оговарањето.**

**Тогаш, на пример, уметникот би знаел дали воопшто да доаѓа на „преговори“ во галеријата.**

Сево ова не значи дека барем овие елитни, институции, немаат критериуми и дека „секој“ може да изложува во нив. Меѓутоа, се случуваат, и тоа доста често, изненадувања (дебитантски изложби, ад хок проекти...) за кои објаснувањата доаѓаат отпосле, а нивната убедливост, паѓа во вода од причина што на сите веќе „им е јасно“ како, всушност, дошло до тоа. Дотолку повеќе што, поради плитката културна каса, реализацијата на програмите постојано виси на конец, па, и да се објави, никогаш не може да се тврди дека и ќе може да се види.

**Слична е ситуацијата и со приватните галерии, иако се мисли дека тие можат да си дозволат поголема „флексибилност“ во почитувањето на зацртаната шема. Примерите од било која западна земја се сосема доволни, но никако да ни станат „примери“. Еден од најнепријатните е случајот, ова важи и за „државните“, кога планираната изложба на некој автор, поради финансии не се одложува додека се обезбедат пари, туку целосно се откажува.**

**Галериите се едни од ретките институции кои се во постојан контакт со сфера – уметност – во која темпото на промени е најизразено. Чудно е како, во наши услови, правењето програма е вечно-исто.**